ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, септември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 03. 09. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4633/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Зоран Продановски
Никола Мицевски
Моника Трајановиќ
Драгана Бојковска
Дафина Стојаноска
Александар Јаначов
Игор Здравков
Бране Петрушевски
Бети Стаменкоска Трајкоска

ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво се уредува иновациската дејност, принципите, целите и организацијата на примената на резултатите од иновациската дејност и од научно-истражувачката дејност, техничките и научно-технолошките знаења, пронајдоците и иновациите, мерките и активностите за поттикнување на иновациската дејност и примената на резултатите од иновациската дејност, научно-технолошкиот развој и претприемништвото и конкурентноста на микро, малите и средни претпријатија во Република Северна Македонија, основањето, статусот, организирањето и работењето на Агенцијата за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво (во натамошниот текст: Агенцијата), како и други прашања поврзани со иновациската дејност, научнотехнолошкиот развој и претприемништвото.

Со членот 23 став (1) од законот е уредено основањето на Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, како самостоен орган на државна управа со својство на правно лице. Со предложените измени на законот во истиот член во ставот (2) се утврдува скратениот назив на новата Агенција, која е настаната со припојување на Фондот за иновации и технолошки развој кон Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, а кој ќе гласи „ИНОВА“. Овој скратен назив е значаен заради брендирање на новата Агенција која во иднина ќе биде носител на иновациската дејност, научнотехнолошки развој и претприемништво и треба да биде препознаена не само во државата туку и на меѓународно ниво. Дополнително со предложените измени се усогласува називот на Агенцијата и на меѓународен план.

Дополнително, поради фактот што досегашниот буџет на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, чиј правен наследник е новата Агенција беше во состав на Министерството за економија и труд, со предложените измени се предвидува одложена примена на членот 23 став 1) од Законот со кој се уредува статусот на Агенцијата како самостоен орган на државна управа, и тоа до донесување на новиот Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година кога буџетот на Агенцијата ќе биде издвоен како буџет на самостоен орган на државна управа. До донесување и започнување со примена на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Агенцијата ќе се финансира преку Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, а средствата на сметките на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и средствата на сметките на Фондот за иновации и технолошки развој, ќе се пренесат на Агенцијата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Законот чие донесување се предлага, се заснова на истите начела на кои е заснован и основниот текст на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво. Целта на пПредлогот на законот е да се овозможи непречено функционирање на Агенцијата до донесување и започнување со примена на Буџетот на државата за следната година, кога Агенцијата ќе може да започне да функционира како самостоен орган на државна управа.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува дополнителни финансиски последици врз Буџетот и другите јавни финансиски средства, затоа што Агенцијата ќе функционира во рамки на веќе одобрените средства од Буџетот.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на законот не е потребно обезбедување финансиски средства.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## Член 1

Во Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/25), во член 23 по ставот (1) се додава став (2) кој гласи:

„(2) Скратениот назив на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија е ИНОВА.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборот „ AISTDE“ се заменува со зборот „INOVA“.

## Член 2

Членот 23 став (1) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/25), влегува во сила со денот на влегување во сила на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

## Член 3

До влегување во сила на членот 2 од овој закон, Агенцијата ќе се финансира преку Буџетот на Владата на Република Северна Македонија.

## Член 4

Средствата на сметките на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и средствата на сметките на Фондот за иновации и технолошки развој, се пренесуваат на Агенцијата.

## Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлогот на законот во членот 23 се додава нов став (2) со кој се уредува скратениот назив на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија кој ќе биде ИНОВА. Дополнително во ставот (4) кој станува став (5) се усогласува скратениот назив на Агенцијата за меѓународна употреба со оној во домашниот правен промет.

Со членот 2 од Предлогот на законот се одложува примената на членот 23 став (1) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/25) со кој Агенцијата стекнува својство на самостоен орган на државна управа и тоа со денот на влегување во сила на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, а неговата примена ќе биде од 1 јануари 2026 година.

Со членот 3 од Предлогот на законот се пропишува дека до стекнување на својство на самостоен орган на државна управа, Агенцијата ќе се финансира преку Буџетот на Владата на Република Северна Македонија.

Со членот 4 од Предлогот на законот се уредува дека средствата на сметките на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и средствата на сметките на Фондот за иновации и технолошки развој, ќе се пренесат на Агенцијата.

Со членот 5 е регулирано влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените законски измени се меѓусебно поврзани и сочинуваат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се овозможи непречено функционирање на Агенцијата до започнување со примена на Буџетот на државата за следната година кога Агенцијата ќе може да стекне статус на самостоен орган на државна управа.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО КОјА СЕ МЕНУВА И ДОПОЛНУВА

Член 23

(1)Заради поттикнување на развојот на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото, се основа Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија, како самостоен орган на државна управа со својство на правно лице.
(2) Агенцијата е самостојна и независна во својата работа и одговара пред Владата.
(3) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
(4) Називот на Агенцијата во меѓународниот правен промет е „Agency for innovation, scientific and technological development and entrepreneurship (AISTDE)“.